ЗАПИСНИК

од 61-ва седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 30.01.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Оливера Димитровска - раководител, Анета Киселоска - раководител, Николина Лозановска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 60-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал);
3. Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за реставрација, од црковниот одбор на црквата „Св. Богородица“, с. Паралово;
4. Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за изградба на настрешница од црковниот одбор на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“, с .Маково;
5. Разгледување на Барање од Мери Стојановска за подмирување на патни трошоци за нејзината ќерка Сара Стојановска;
6. Разгледување на Барање од Д.П.Г.У „ИВЕА КОНСТРАКН“ ДООЕЛ за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема (настрешници и тезги на пазар);
7. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 61-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот Најдовска Стојковска, зеде збор и на Советот на Општина Новаци му предложи, Дневниот ред да се измени и дополни со 3 (три) точки, кои треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис со состојба на 31.12. 2024г;
2. Разгледување и усвојување на Извештајот на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 год.;
3. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 год.

Советниците го разгледаа Дневниот ред и дополнувањата, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 61-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 10 (десет) точки, со тоа што точката бр. 7 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 10.

1 точка Разгледување и усвојување на Записник од 60-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 60-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2 точка Разгледување и усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал)

Советот на Општина Новаци го разгледа финансискиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за последниот квартал од 2024 год., по што немаше никакви забелешки и дополнителни прашања. Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период 01.01.2024 до 31.12.2024 година (четврт квартал).

3 точка Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за реставрација, од црковниот одбор на црквата „Св. Богородица“, с. Паралово

Советниците го разгледаа Барањето од Црковниот одбор на црквата „Св. Богородица“, во с. Паралово, во кое се бара градежен материјал за реконструкција на покривот. Комисијата за финансии , буџет и ЛЕР предложи висината на финансиските средства да изнесува 20.000,00 ден., во градежен материјал, со образложение дека треба да се почитува досегашната практика на одредување на висината на финасиските средства на исти или слични барања. Советниците **едногласно** го прифатија предлогот на Комисијата, така што Советот донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за црквата „Св. Богородица“ с. Паралово.

4 точка Разгледување на Барање за набавка на градежен материјал за изградба на настрешница од црковниот одбор на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“, с. Маково

Советот го разгледа Барањето од Црковниот одбор на манастирот на „Успение на Пресвета Богородица“, во с. Маково, лоциран на маковскиот преслап кој има потреба од настрешница. По разгледувањето, Советот **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежен материјал за манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ с.Маково во износ од 20.000,00 ден.

5 точка Разгледување на Барање од Мери Стојановска за подмирување на патни трошоци за нејзината ќерка Сара Стојановска

Мери Стојановска достави Барање до Советот на Општина Новаци, за подмирување на патни трошоци направени како резултат на посета на часови во ОУРС „Кочо Рацин“, Битола од страна на нејзината малолетна ќерка. Советот го разгледа барањето и **едногласно** донесе Заклучок за усвојување на Барање од Мери Стојановска с. Новаци.

Но исто така се разви дискусија од која произлезе став за донесување на Одлука на наредната седница, со која ќе се подмируваат патните трошоци на сите родители чии малолетни деца во иднина ќе имаат потреба од услугите на ОУРС „Кочо Рацин“ Битола.

6 точка Разгледување на Барање од Д.П.Г.У „ИВЕА КОНСТРАКН“ ДООЕЛ за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема (настрешници и тезги на пазар)

Советниците го разгледаа Барањето во кое Д.П.Г.У „ИВЕА КОНСТРАКН“ ДООЕЛ бара одобрување на Основен проект за поставување на опрема за пазар, по претходна прифатена донација. По кратката дискусија советниците со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување на Основен проект за поставување на урбана опрема од Д.П.Г.У ИВЕА КОНСТРАКШН ДООЕЛ, Куманово.

7 точка Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис со состојба на 31.12. 2024г.

Претседателката Најдовска Стојановска ги повика советниците на дискусија по однос на оваа точка, со која беше констатирано дека постојат оддредени нејаснотии и имаа потреба од дополнителни информации. Поради ова Претседателката Најдовска - Стојковска даде предлог, разгледувањето на оваа точка да биде одложено и истата да се разгледува на наредна седница. Ваквиот предлог беше прифатен со **9 гласа за.**

8 точка Разгледување и усвојување на Извештајот на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 год.

По однос на осмата точка, Советот на Општина Новаци, по разгледувањето и кратката дискусија гласаше, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2024 год.

9 точка Разгледување и усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година

Советниците го разгледаа Годишниот извештај, при тоа немаа никакви забелешки така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за усвојување на Годишен извештај за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Новаци за 2024 година.

10 точка Советнички прашања

По однос на оваа точка, збор зеде советничката Сузана Јовановска, која упати прашање до Градоначалникот Стевановски, во врска со тешките товарни возила - камиони кои во голем број транзитираат низ населеното место Новаци, а кои се упатуваат кон и од РЕК Битола. При тоа често пати возат со неприлагодена брзина и несоодветно спакуван товар (јаглен), кој дополнително ја загадува средина во која живее месното население.

Градоначалникот Стевановски одговори дека се превземаат мерки за санирање на патот од рудникот во с. Живојно кој води директно до РЕК Битола, со цел да се заобаколи регионалниот пат кој води низ село Новаци, а со тоа да се намали фрекфенцијата на овие возила низ селото. А од друга страна овие камиони носат јаглен во РЕК Битола, кој е неопходно потребен поради недостатокот на јаглен во самиот рудник, што го доведува во прашање опстојувањето на комбинатот.

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 61-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска